| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГЛАВЕН КОЛЕКТОР ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ВИНИЦА И СЕЛАТА ГРДОВЦИ И ПРИБАЧЕВО НА ПСОВ КОЧАНИ И СЕКУНДАРНИ КОЛЕКТОРИ ЗА СЕЛАТА ЛЕСКИ, ЈАКИМОВО И ИСТИБАЊА, ОПШТИНА КОЧАНИ, ОПШТИНА ВИНИЦА И ОПШТИНА ЧЕШИНОВО ОБЛЕШЕВО |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип<br><br>Планери:<br><br>дипл.инж.арх. Александар Василев<br>дипл. инж.арх. Емилија Галовска<br>дипл.инж.арх.Аница Стојановска<br>М-р.Тања Трендова д.и.а. |
| Назив на работното место | Планери |
| Контакт податоци за лицето | Ванчо Прќе бр. 119 2000 Штип<br>032 383 033 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Основа за изработка на предметната урбанистичка документација се одредбите Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 32/20 и 111/23), и Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20,219/21 , 104/22 и 99/23) , Одобрената Проектна програма изработена со проектната задача финансирана од Инвеститорот и Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р Македонија кои содржат насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена за влијанието на животната средина согласно законот за животна средина. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| / |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да -Согласно Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз животната средина |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 2, точка 1). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта на донесувањето на овој плански документ е да се овозможи урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во општина Виница. |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ.2023-2025 |

/

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

Не

Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).

**Местоположба на локацијата и ружа на ветрови**




Овој урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се изработува на површина од П = 181 267,82 м2 , односно 18,12 ha. Проектниот опфат на кој е вршена потребната анализа за изработка на предметниот УП е на КО Прибачево, КО Истибања, КО Лески, КО Мојанци, КО Грдовци, КО Јакимово, КО Теранци, КО Виница при Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново Облешево.

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да ☒
Не ❑

Дали е приложена копија од целите?

| |
|---|
| Да ☐<br>Не ☒ |

| | |
|---|---|
| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br><br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа предметна документација, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:<br>– При изведувањето на активностите за колекторот (земјани работи, ископ, монтажа, набивање, изградба на пристапни патишта и друго), покрај влијанијата кои може да ги продуцира проектот, треба да се направи и проценка на ризикот и еколошката несреќа која може да настане доколку не се реализира проектот.<br>– Имплементацијата на проектната активност, односно изградбата и поврзувањето на колекторскиот систем за собирање на отпадните води, значително ќе допринесе за подобрување на состојбата на медиумите во животната средина и здравјето на населението. Овие влијанија се оценуваат како позитивни со голем интензитет и времетраење.<br>– Како резултат на изведбата на градежните активности за поставување на колекторите, а исто така во оперативната фаза ќе се генерираат емисии во медиумите и областите на животната средина. За време на подготвителните и градежните активности ќе се генерираат: фугитивни емисии на прашина и издувни гасови во воздухот од градежната механизација, санитарни отпадни води од работниците и отпадни технички води од изведба на градежните работи, различни видови на отпад, бучава и вибрации од механизацијата и градежните работи, а исто така можни се емисии од инцидентни излевања, хаварии, природни непогоди и сл.<br>– Генерираните емисии од колекторите во оперативната фаза и можните влијанија се неспоредливи во однос на емисиите и влијанијата предизвикани од постојниот начин на управување со отпадните води во Виница и населените места. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | Во проектниот опфат се предвидува формирање на градежна парцела и изградба на обејкти со група на класа на намена, класа на намена и поединечна намена<br>Е- Инфраструктури<br>Е1.6 Комунална инфарструктура |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативната природа на влијанијата може да се разгледува во однос на одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа |
| Прекугранична природа на влијанијата | Нема |

<table>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)</td><td>Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td>Проектниот опфат на кој е вршена потребната анализа за изработка на предметниот УП е на КО Прибачево, КО Истибања, КО Лески, КО Мојанци, КО Грдовци, КО Јакимово, КО Теранци, КО Виница при Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново Облешево.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија. Ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите кои се опфатени од овие урбани заедници. Иницијативата за изградба на главен колектор за поврзување на Виница и селата Градовци и Прибачево на Псов Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново Облешево, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br><br>Реализацијата на проектните активности нема директно влијание врз природните вредности, врз биодиверзитетот и природното наследство. Подрачјето на активностите е категоризирано како земјоделско земјиште (ниви и пасишта), но во близина на локацијата не се евидентирани заштитени подрачја или подрачја кои се предложени за заштита.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за изградба на главен колектор за поврзување на Виница и селата Градовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново Облешево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Реализацијата на проектните активности за изградба на колектор е од големо значање бидејќи претставува огромен чекор кон намалување на влијанијата врз животната средина од неправилното третирање на отпадните води. Придобивките кои овој проект се очекува да ги има животната средина и здравјето на луѓето се следните:<br>Реализацијата на овој Проект ќе помогне да се добие квалитетен третман на отпадните води, како и подобрување на состојбите во животната средина и општествените услови.<br>Нешто што е особено за одбележување, како значаен бенефит од реализација на Проектот, е подобрување на здравствената состојба на жителите во Општините и намалени давачки/губитоци за нарушено здравје, заради соодветното собирање и третман на отпадните комунални и индустриски води и постигнување на добар квалитет на водите во реките кои се користат за наводнување на земјоделското земјиште, што од своја страна ќе бенефицира со добар квалитет на земјоделските производи. Дополнителен бенефит ќе биде подобрениот квалитет на водата во локалните иригациони системи, селските бунари и чешми во населбите кои гравитираат околу овој проект.<br><br>Од анализите се заклучува дека решавањето на овој проблем со изградбата на колекторот и собирање и третирање на отпадните урбани води е неопходна и дека реализацијата на овој проект ќе има голем придонес во интегрираното управување со отпадните води, но и генерално подобрување на состојбата на разгледуваните медиуми и области на животната средина. При реализирање на проектот, неопходно е доследна примена на сите предвидени мерки за спречување или ублажување на негативните влијанија во целокупната проектна документација. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Е- Инфраструктури<br>Е1.6 – Канализациона инфраструктура |
| Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се среќаваат национални или меѓународни заштитни подрачја |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Во проектниот опфат се предвидува формирање на градежна парцела и изградба на обејкти со група на класа на намена, класа на намена и поединечна намена
Е- Инфраструктури
Е1.6 – Канализациона инфраструктура

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Трасата на колекторот поминува низ КО Мојанци, КО Грдовци и КО Прибачево, во Општина Кочани, КО Лески, КО Виница, КО Јакимово и КО Истибања, во Општина Виница, и КО Теранци во Општина Чешиново Облешево. Вупната должината на трасата изнесува околу 20,5 km. Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање на просторот изнесува околу 19,3км. Концептот на новото техничко решение предвидува транспортот на отпадната вода од Виница и околните населени места до ПСОВ Кочани, да биде комбинација од течење на водата гравитационо и дел под притисок, односно со пумпање. Ова претставува основа за разработка на новото техничко решение во идејниот проект. Техничкото решение предвидува населените места кои се наоѓаат спротиводно од градот (Јакимово и Истибања), гравитационо да се доведат отпадните води до пресекот со главниот колектор од Виница. Од оваа пресечна точка почнува главниот колектор кој ја транспортира отпадната вода се до ПСОВ Кочани. Попатно на овој колектор, се вклучува и населеното место Лески од Општина Виница, како и Прибачево и Грдовци од Општина Кочани. Главниот колектор воглавно е гравитационен, сам делот кој поминува под Река Брегалница е под притисок се до вклучувањето на првото Кочанско населено место, Прибачево. Второто населено место од општина Кочани кое се приклучува на главниот колектор е Грдовци, при што поради длабочината и состојбата на постоечкиот колектор од Грдовци, се предвидува и негова реконструкција.

Пред да се зафатат отпадните води од секундарните колектори од селата како и пред да се зафатат водите од Виница со главниот колектор, се предвидува изведба на преливни шахти за да во услови на влажно време поголемите количини од предвидените за тој колектор, прелеат во најблискиот реципиент. На предметниот опфат не постојат изградени објекти. Општината има потреба од донесување на ова документација со што би можела да му понуди на инвеститорот изградба на објекти од прва категорија, односно изградба на главен и секундарен колектор.

Поради ова целта на изработка на урбанистичкиот проект е формирање и дефинирање на проектен опфат, добивање на максимална површина за градба согласно законските прописи за предвидување на градба со класификација на намена Е 1.6- Канализациски инфраструктури.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).

Со изработката на Урбанистичко проектна документација, треба да се обезбедат услови за плански развој. Поради ова целта на изработка на урбанистичкиот проект е подобрување на инфраструктурата за собирање и третман на комунални отпадни води во сливот на реката Брегалница, во согласност со директивата 91/271/ЕЕС и националното законодавство. Проектот предвидува поврзување на Виница со ПСОВ Кочани што ќе придонесе за од овие пресметки усвоени се проточни количини на пумпите од 130l/s за 2040та година, како и 160l/s за 2060та година. Со меродавните количини за двата експлоатациони периоди, пресметани се потребната манометарска височина за пумпање како и брзините на текот кои ќе се јават во потисниот цевковод, за избраните дијаметри.подобрени хигиенски стандарди за населението, помалку проблеми во одржувањето на канализациониот систем, заштита на водните ресурси во сливот на реката Брегалница, промовирање на одржлив развој, подобри социо-економски услови и правилно функционрање на ПСОВ Кочани.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Реализацијата на планскиот документ ќе доведе до делумно зголемена фреквенција на луѓе и сообраќај, зголемена бучава односно потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Врз основа на анализираните активности констатирано е дека проектните активности во градежната фаза ќе бидат извори на емисии на прашина, издувни гасови, испарливи органски соединенија, бучава, вибрации, отпад, отпадни води, емисии на подземни води кои треба да се испумпуваат и сл. Доколку овие емисии не се соодветно управувани може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите и областите од животната средина и врз здравјето и безбедноста на луѓето.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони ВИДОВИ), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија. Во планската документација се предвидени мерки во согласност со пропишаните мерки за заштита

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Со урбанистичката документација почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- интегрален пристап на планирањето
- грижа за развој на регионалните особености
- остварување на јавен интерес и заштита на приватниот интерес
- хоринзонтална и вертикална усогласеност и координација
- уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди. Применети се сите методолошки начела за применување на правилникот за урбанистичко планирање.

| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Заменик Министер<br>Bekim Rexhepi |
| Бр. 67-2132/3<br>Датум: 12 06.2024 година<br>Место: Скопје | М.П. |